# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **м а р т, 2026**




**Скопје, 07.04.2026**

**Содржина:**


ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година 3

НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година 4

ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година – по групи 4

ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ 5

ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА 5

СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА 5

ЕПИДЕМИИ 5

СМРТНИ СЛУЧАИ 6

ГРИП 6

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ 6

БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ 6

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година*

Во текот на март 2026 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **802** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **43,7 на 100.000 жители**.

Во текот на месец март се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 4,6% во однос на претходниот месец февруари (n=772), како и во однос на март 2025 за 31,9% (n=608), а се регистрира намалување во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 21,1% (n=1.017).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец март учествуваат со 39,6%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=2.024) е за 7,8% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=2.195). *(Графикон 1)*

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=285; 35,5%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=10; 1,2%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Битола (I=108,2/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=7,8/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ се регистрира на територијата на Свети Николе (I=472,0/100.000). Во месец март, три ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Берово, Пехчево, Дебар). *(Картограм)*

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во март, 2026*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во март*** учествуваат со 97,4% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 42,5/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Првите две најчести заразни заболувања*** учествуваат со 71,8% во вкупниот број на заболени, а со 73,8% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец март 2026 година.

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во март, 2026*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 352 | 19,2 |
| Ентероколитиси | 224 | 12,2 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 105 | 5,7 |
| Шуга | 37 | 2,0 |
| Салмонелози | 26 | 1,4 |
| Инфективна мононуклеоза | 17 | 0,9 |
| Скарлатина | 7 | 0,4 |
| Легионерска болест | 5 | 0,3 |
| Кампилобактериоза | 4 | 0,2 |
| Сифилис | 4 | 0,2 |
| ***Вкупно*** | **781** | **42,5** |

## *НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година*

Во текот на март, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 352 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 43,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 45,1%.

Во однос на претходниот месец февруари (n=416), се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 15,4%, а во однос на месец март 2025 (n=309) зголемување за 13,9%. Во однос на аритметичката средина (n=497) се регистрира намалување за 29,2%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2026 (n=1.032), пријавените случаи во март учествуваат со 34,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=2.025), овчите сипаници учествуваат со 51,0%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2026 (n=1.032) е за 15,3% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=1.218).

На второ место по број на пријавени заболени во месец март се **ентероколитите**, со 224 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 27,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 28,7%.

Во однос на претходниот месец февруари (n=204), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити за 9,8%, додека во однос на месец март 2025 (n=176) се регистрира зголемување за 27,3%. Во однос на аритметичката средина (n=309) се регистрира намалување за 27,5%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=546), пријавените случаи во март учествуваат со 41,0%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=2.024), ентероколитите учествуваат со 27,0%

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=546) е за 10,2% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=608).

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2026 година – по групи*

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во март, најголем број (n=388) припаѓаат на **капковите заболувања** (48,4%; I=21,1/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=352; 90,7%) и инциденца (I=19,2/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 17 случаи на инфективна мононуклеоза, 7 случаи на скарлатина, 5 случаи на легионерска болест, 4 случаи на пневмококни инфекции и три случаи на голема кашлица.

Во месец март, пријавени се 360 случаи (44,9% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 19,6/100.000. Од нив, најголем број (n=224; 62,2%) и инциденца (I=12,2/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се и 105 случаи (I=5,7/100.000) на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 26 случаи на салмонелози, 4 случаи на кампилобактериоза и еден случај на шигелоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во март се регистрирани 40 случаи (5,0%; I=2,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 37 се случаи на шуга (92,5%; I=2,0/100.000), 2 случаи на бактериски менингит и еден случај на вирусен менингит.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 9 заболени лица (1,1%; I=0,5/100.000) *(Графикон 3)* и тоа пријавени се 4 случаи на сифилис, три случаи на вирусен хепатитис Б и по еден случај на инфекции со хламидија и вирусен хепатисис Ц. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец март пријавени се пет заболени лица (0,6%; I=0,3/100.000) (Графикон 2), од нив по 2 се случаи на бруцелоза и ехинококоза и еден случај на лајм борелиоза.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во март, 2026***




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец март, пријавени се 3 нови случаи на ХИВ/СИДА, сите од машки пол на возраст од 30-50 години. (*Табела 3 во Прилог*).

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.03.2026), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р.С. Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 740 и тоа:

- 140 лица починати лица
- 484 лица кои живеат со ХИВ/СИДА
- 116 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец март 2026 регистрирани се 10 случаи со инциденца од 0,5/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 3 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на месец март, пријавени се и три случаи на голема кашлица, од Тетово. Се работи за деца на возраст од 0-2 години, две некомплетно вакцинирани, а едно вакцинирано според возраст. Случаите се докажани клинички и лабораториски.

Во текот на месец март, пријавени се четири случаи на пневмококни инфекции, од Скопје и Радовиш. Се работи за лица на возраст од 54-78 години, кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест. Случаите се докажани лабораториски.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец март, пријавени се 12 случаи на КОВИД-19 (I=0,7/100.000). Бројот на пријавени случаи е за 4 помалку во однос на претходниот месец февруари (n=16), додека во однос на месец март од 2025 година (n=4) се бележи зголемување на бројот на пријавени од КОВИД-19.

Во текот на март не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец март се тестирани вкупно 946 материјали за 6,3% повеќе во однос на минатиот месец (n=890).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 31.03.2026, пријавени се вкупно 352.482 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.190,9/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец март, до Институтот за јавно здравје ***пристигна една пријава за епидемија со dg. Toxoinfectio alimentaris,*** од ЦЈЗ Битола во која до 31.03.2026 година, регистриран е 191 заболен од рударско-енергетски комбинат од Битола.

Првите знаци на заболувањето кај заболените се јавиле на 25.03.2026, а регистрирани се две хоспитализирани лица.

Направено е епидемиолошко истражување од страна на ЦЈЗ Битола и ИЈЗ во соработка со АХВ и ДСЗИ при што се земени мостри за микробиолошка анализа од храна, работни површини, прибор за работа и садови за храна и материјали за микробиолошка анализа од вработени и заболени.

Добиени се позитивни резултати за дел од мострите од нежива средина, брисеви од нос и раце од вработени и од земени материјали за микробиолошко испитување од заболени. Нема позитивни микробиолошки наоди од земените мостри за храна.

Превземени се соодветни хигиенски и против епидемиски мерки. Епидемијата е во тек.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец март, **не се регистрирани смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS, стапките на заболувања слични на грип се зголемени над базичното ниво во 3 од 26 земји на Европскиот регион на СЗО. Подтиповите на вирусот на грип AH1 и AH3 се ко-доминантни, иако постојат варијации помеѓу земјите и областите.

Во текот на март, пријавени се вкупно 861 заболени лица (I=46,9/100.000). Од нив најголем број на заболени се регистрирани во ЦЈЗ Прилеп (n=211), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Гевгелија (I=381,2/ 100.000). Не се регистрирани смртни случаи асоцирани со грип.

Од почетокот на сезоната 2025/26, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 16.612 случаи (I=904,4/100.000) на грип/заболувања слични на грип. Од нив, најголем број на заболени (n=5.437) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (2.681,4/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.147 материјали од рутинскиот и сентинел надзорот. Од истите, детектирани се 125 позитивни случаи на грип. Во однос на вирусот на грип, сите докажани случаи се тип А од кои 56,0% се Influenza A(H3).

Во текот на сезоната на грип, регистрирани се вкупно четири починати лица асоцирани со грип.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на март 2026 година во ИЈЗ е пристигната 1.271 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=785; 61,8%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец јануари се: *RSV* (n=337; 26,5%), *MRSA* (157; 12,4%) и *HPV* (155; 12,2%).

Во однос на пријавите за резистенција, покрај *MRSA*, резистенција е регистрирана и кај *Escherichia coli, ESBL, Klebsiella spp., Pseudomonas aeruginosa* и *Enterobacter cloacae, ESBL.*

Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Охрид и ЦЈЗ Штип.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на март, ***пристигнати се четири пријави*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани, 2 пријави за ентероколитис и по една пријава за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и ХИВ/СИДА кај странски државјани од Турција, Словенија и Косово.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 8 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се четири пријави на ентероколитис, две пријави за ХИВ/СИДА и по една пријава за салмонелоза и бактериски алиментарни инфекции и интоксикации.

Според земјата од која доаѓаат, 4 лица се од Косово и по 1 случај од Србија, Турција и Словенија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***